РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

Бр./ Nr./ No. 04-522/12 Скопје,Shkup,Skopje 04.11.2022 година/viti/year

Врз основа на член 11 и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), а согласно член 35 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19) и Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 383/2022 со број 10-1850/10 од 03.11.2022 година, Генералниот секретар на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер донесе:

**ОДЛУКА**
**за неизбор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас број 383/2022**

1. За работно место Раководител на сектор за управно-правни и општи работи, Сектор за управно-правни и општи работи, шифра на работно место УПР 01 01 Б02 000, не се врши избор на кандидат за вработување.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во врска со јавниот оглас број 383/2022 објавен на 29.09.2022 година на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", за пополнување на работно место Раководител на сектор за управно-правни и општи работи, Сектор за управно-правни и општи работи, шифра на работно место УПР 01 01 Б02 000, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со Решение бр.10-1850/4 од 12.10.2022 година донесено од заменикот на директорот на Агенцијата за администрација, спроведе постапка за селекција за вработување по јавен оглас.

По спроведената постапка за административна селекција за вработување, испитот за административен службеник организиран и спроведен од Агенцијата за администрација и по спроведената проверка на веродостојност на доказите извршена од Комисијата за селекција, Агенцијата за администрација достави Предлог за вработување на кандидати со број 10-1850/10 од 03.11.2022 година со Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција.

Со оглед на доставениот предлог дека за работно место 2 УПР 01 01 Б02 000 Раководител на сектор за управно-правни и општи работи нема кандидат кој се квалификува за вработување Генералниот секретар на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одлуката за избор се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена од денот на објавувањето да поднесе жалба до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен.

**Генерален секретар,**

**Тања Ковачев**

**Доставено до:**
- Агенција за администрација и
- Архива.

Бул. „Гоце Делчев“ бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

Бр./ Nr./ No. 04-522/11 Скопје,Shkup,Skopje 04.11.2022 година/viti/year

Врз основа на член 11 и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), а согласно член 35 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19) и Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 383/2022 со број 10-1850/10 од 03.11.2022 година, Генералниот секретар на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер донесе:

## ОДЛУКА
## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас број 383/2022

1. За работно место Раководител на Одделение за ИКТ- информатички и комуникациски технологии, шифра на работно место УПР 01 01 Б04 000 се избира кандидатот:

- **Деан Јадровски** со идентификациски код 031FD72.

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работно место од точка 1 од оваа одлука по конечноста на истата за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со јавниот оглас број 383/2022 објавен на 29.09.2022 година на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“, за пополнување на работно место Раководител на одделение за ИКТ- информатички и комуникациски технологии во Одделение за ИКТ- информатички и комуникациски технологии, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со Решение бр.10-1850/4 од 12.10.2022 година донесено од заменикот на директорот на Агенцијата за администрација, спроведе постапка за селекција за вработување по јавен оглас.

По спроведената постапка за административна селекција за вработување, испитот за административен службеник организиран и спроведен од Агенцијата за администрација, по спроведената проверка на веродостојност на доказите извршена од Комисијата за селекција и спроведеното интервју за административен службеник, Агенцијата за администрација достави Предлог за вработување на кандидати со број 10-1850/10 од 03.11.2022 година со Конечна ранг-листа на кандидати од сите фази за селекција за избор на кандидат за вработување за работно место број 1 УПР 01 01 Б04 000 Раководител на Одделение за ИКТ- информатички и комуникациски технологии, еден (1) извршител со идентификациски код 031FD72, со која се предлага за вработување **Деан Јадровски**.

Бул. „Гоце Делчев“ бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk

Генералниот секретар на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер по добивањето на предлогот ја донесе оваа Одлука за избор.

Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена од денот на објавувањето да поднесе жалба до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен.

**Генерален секретар,**

**Тања Ковачев**

**Доставено до:**
- Именуваниот;
- Агенција за администрација и
- Архива.

Бул. „Гоце Делчев" бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk